# ВО ДУХОТ НА АЛОХА

Или „ Малечка розова брошура АЛОХА “

Автор Serge King

Преводот од англиски на македонски јазик го направи

Милица Савеска (Milica Saveska )

***Овој текст можете слободно да го копирате, размножувате , делите и објавувате , под услов да не вршите никакви измени без одобрување на авторот.***

***На барање , бесплатни копии се доставуваат ширум светот. За една копија на упатството испратете лична меил адреса , име и презиме и адреса на живеење на [huna@huna.org](mailto:huna@huna.org). За плаќање и донации користите ја: www.huna.org***

∞*∞*∞*∞*∞*∞*∞*∞*∞*∞*∞*∞

„Алоха дух“ е познат назив за став на пријателско прифаќање по кое Хавајските острови се познати. Но, тој поим истотака се однесува и на моќен начин на решавање на било каков проблем , остварување на било каква цел и постигнивање на било каква состојба на умот или телото.

На хавајски јазик поздравот алоха значи многу повеќе од едно обично „здраво“ , „довидување “ или „љубов “. Подлабокото значение на овој збор е: “ радосно (oha) давање (alo) на животна енергија (ha) во сегашноста (alo)“.

Додека ја давате таа енергија , се усогласувате со Универзалната енергија која староседелците на Хаваи ја нарекуваат „mana“. Впрочем , користењето на таа извонредна моќ со љубов е тајната за постигнување на вистинско здравје, среќа, богатство и успех.

Начинот на кој можете да се соедините со таа моќ и да направите да работи на вас е толку едноставна што дури можете да паднете во искушение и да го

отфрлите затоа што изгледа премногу лесно за да биде вистинито. Ве молам , не дозволувајте да добиете погрешен привид. Дајте ѝ прилика на таа моќ да се покаже.

Ова е најмоќната техника на светот. Неверојатно е едноставна , лесно можете да се сетите што треба да правите и потоа правете го истото што почесто. Тоа е тајна која на човештвото одново и одново му била предочена , но еве ја сега повторно и во уште еден облик. Таа гласи :

***Благословувај го секој и сè што претставува тоа што сакаш!***

И тоа е тоа. Но, нешто толку едноставно сепак бара дополнително објаснување. Да се благослови нешто значи да се признае или да се истакне позитивна одлика , особина или состојба , со намера на тоа што му се оддава признание или благодарност да се зголемува, трае или оствари.

Со благословување делотворно го менувате својот живот , односно го постигнувате тоа што го посакувате на три начини .

Пред се , позитивното насочување на вниманието на вашиот ум буди позитивна , создавачка моќ на Универзалната енергија. Второ, ја покренува енергијата од вас и така овозможува поголем проток на таа моќна енергија низ вас. Трето, давате благослов во корист на другиот наместо на себеси , избегнувајќи можни потсвесни стравови во врска со она што си го посакувате за себе , додека истовремено насочувањето на вниманието на чинот на благословот го зголемува доброто во вашиот живот. Во оваа постапка прекрасно е тоа што благословот што му го давате на другиот , му помага и нему а исто така и на вам. Благослов можете да дадете или да замислувате ( некој , нешто) или преку допир , но вообичаен и најлесен начин е преку зборовите. Најчести врсти на вербални благослови се :

***Воодушевување*** – давање на комплименти или пофалба на нешто добро што сте забележале . На пример : „Навистина прекрасно заоѓање на сонцето“ ; „Ми се допаѓа овој цвет “ ; „ Ти си прекрасна личност “ .

***Поддршка*** – јасно искажување на благослов заради зголемување и траење на нешто . На пример: „ Нека е благословена убавината на ова дрво “ ; „ Нека е благословено твоето здравје “ .

***Благодарност*** – исказ на благодарност за нешто добро кое постои или се случило . На пример : „ Благодарам за помошта “ ; „ Благодарна сум на дождот што ја пои земјата “.

***Очекување*** – благослов за иднината. На пример :„ Ќе имаме одлична забава“ ; „ Нека е благословено покачувањето на твоите приходи “ ; „Благодарам за мојот совршен сопруг / сопруга “ ; „ Ти посакувам среќен пат “ ; „ Ветрот нека ти дува секогаш во грб “.

За да имате што поголема корист од благословите , потребно е да се намали и да се престане со тоа што ги поништува , а тоа се – поплаки. Не се работи само за псовки и кажување на погрдни зборови , туку се работи за се што е спротивно на благословот – критикување наместо воодушевување ; сомнеж наместо поддршка ; окривување наместо благодарност ; грижа наместо очекување со верба. Кога и да помислите , изговорите или направите нешто погрдно го поништувате делот на учинокот од благословот. Значи , се додека критикувате, проколнувате потешко ќе ви биде и подолго ќе трае остварувањето на благословот. Од друга страна пак , колку повеќе благослови давате , лошите работи помалку ќе Ви штетат.

Еве неколку предлози за благослов за различни потреби и желби. Применувајте ги доволно долго и често колку што Вие мислите дека треба.

***Здравје*** – благословувајте ги луѓето , животните и растенијата ; сѐ што е добро направено и изградено ; сѐ што изразува изобилство на енергија.

***Среќа*** – благословувајте сѐ што е добро или добро кое е во сите луѓе и сите предмети ; сите знаци на среќа кои ќе ги приметите , слушнете или почувствувате во луѓето или животните; сите можности за среќа кои ќе ги забележите околу себе.

***Богатство*** – благословувајте ги сите знаци на богатство во својата околина , вклучувајќи го сѐ она што е направено со помош на пари ; сие пари кои ги поседувате во каков и да е облик ; сите пари кои кружат низ светот.

***Успех*** – благословувајте ги сите знакови на напредоци и остварувања ( како на пр.згради , мостови , спортски збиднувања ) ; сите пристигнувања на одредени места ( бродови , авиони , возови , автомобили и луѓе ); сите знаци на напредок или истрајност ; сите знаци на уживање или забава.

***Самодоверба*** – благословувајте ги сите знаци на самодоверба кај луѓето и животните ¸сите знаци на сила кај луѓето, животните и предмети (вклучувајќи предмети од челик и бетон ); сите знаци и стабилност ( како што се планини и високи дрвја ) ; сите знаци на корисна снага ( вклучувајќи големи постројувања , далекоcouldводи и слично).

***Љубов и пријателство*** – благословувајте ги сите знаци на грижа и нега, сочувство и поддршка ; сите складни односи во природата и архитектурата ; сѐ што е поврзано со нешто или нежно допира нешто друго; сите знаци на соработка , како низ игра така и преку работа ; сите знаци на радост , насмевки и забава.

***Внатрешен мир*** – благословувајте ги сите знаци на тишина, смирение, спокој , радосна тишина ( како што е мирна вода или непокретниот воздух) ; сите далечни видици ( хоризонти , ѕвезди , Месец ) ; сите знаци на убавина кои ги гледате , слушате или допирате; јасни бои и облици , детали во природата или предметите кои ги создал човекот.

***Духовен раст*** – благословувајте ги облиците на раст , развој и промени во природата ; преодите од изгрејсонце до зајдисонце ; движењето на сонцето , месецот , планетите и ѕвездите ; летот на птиците на небото ; движењето на ветрот и морето.

Овие наведени примери можат да ви послужат како пример ако не сте навикнати да давате благослови , но тие нека не ве ограничуваат. Сетете се дека секоја одлика , особина или состојба може да биде благословена ( на пр. можете да ги благословувате витките столбови или слабите животни како би го поттикнале вашето слабеење ) , без разлика дали некогаш постоело , сега постои или за сега постои само во вашата фантазија.

Јас лично го користев благословот за исцелување на моето тело , зголемување на моите приходи , развој на многу вештини , градење на односи исполнети со љубов со мојата сопруга и децата, како и за создавање на мрежа на миротворци низ целиот свет кои работаат во Алоха дух. И затоа што благословите кај мене имаа огромни резултати , јас сакам тоа да го споделам со вас. Ве молам и вие споделете го тоа со другите.

***Како да ја зголемите силата на благословот ?***

Постои техника која се применува на Хаваи , која ја зголемува моќта на благословот подигајќи ја и Вашата лична енергија . Се однесува на едноставен начин на дишење кој исто така се користи и за таканаречено приземјување , центрирање , медитација и и исцелување. Не е потребно никакво посебно место или положба на телото , може да се прави додека се движите или стоите , додека работите или одмарате , со отворени или

затворени очи. На хавајскиот јазик таа техника се вика pikopiko , бидејќи зборот piko е збор и за теме и за папок.

***<u>Техника на благословите :</u>***

1. Станете свесни за своето природно дишење ( може да се промени само од себе само со свртување на Вашиот фокус кон него , но тоа е во ред ) .
2. Одредете положба на темето и папокот со својата свест и допирот.
3. Потоа, додека вдишувате задржете го вниманието на темето , а кога издишувате вниманието насочете го на папокот. Дишете на овој начин колку сакате .
4. Кога ќе почувствувате дека сте опуштени , центрирани и исполнети со енергија , започнете да замислувате дека сте опкружени со невидлив светлосен облак или електро – магнетно поле и дека вашето дишење ја зголемува енергијата на тој облак или поле.
5. Додека давате благослов , замислете дека предметот на Вашиот благослов е  опкружен со иста таква енергија со која сте Вие опкружени.

**АЛОХА ДЕЈСТВУВА ВО ЦЕЛИОТ СВЕТ**

„ Алоха Проект“ на организацијата Aloha International дарува брошури како оваа на лица, групи , организации и установи во целиот свет. Тоа овозможува парични прилози на донатори кои веруваат дека светот може да се унапреди преку ширење на податоци кои им помагаат на луѓето самите на себе да си помогнат.

Преводите за „The little Pink Booklet of Aloha“ ( Малечка розова брошура АЛОХА) постои на многу јазици. За повеќе информации за Алоха проектот побарајте на : www.huna.org/AlohaProject/.

Доколку сакате да дадете свој придонес или да приложите превод , обратете се на Aloha International : huna@huna.org.